## ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО 2017/2018

Се известуваат студентите на **Градежниот факултет во Скопје** од сите студиски програми на **прв и втор циклус на студии**, дека запишувањето на **ЛЕТЕН** семестар во учебната 2017/18 година се врши **од 1 до 5.2.2017 на IKNOW системот**, а заверката на **ЗИМСКИ** семестар и запишувањето на **ЛЕТЕН** семестар во учебната 2017/18 година на шалтерите на СТУДЕНТСКАТА СЛУЖБА **од 5.2.2017 до 10.2.2017** од 10,30 до 14,00 часот и тоа по следниот распоред:

На **5. февруари** – Геотехника и 8 семестар градежништво

На **6. февруари** – втор семестар за градежништво и геодезија
На **7. февруари** – четврти семестар за градежништво и геодезија
На **8. февруари** – шести семестар за градежништво и геодезија
На **9. февруари** – II циклус на студии /сите студиски програми/
На **10. февруари** – II циклус на студии /сите студиски програми/

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ I И II ЦИКЛУС:**

► **Индекс** со потписи од предметните професори (за неземен потпис, предметот се смета за незаверен, и студентот треба да го преслушува во следниот зимски семестар);
► Образец за заверка на семестарот (се пополнува со предметите од зимскиот семестар);
► Образец за запишување на семестарот (се пополнува со предметите од летниот семестар);
► **Интерен формулар** за запишување на семестарот од кој се запишуваат предметите во индексот и во формуларот за запишување на семестар (се презема од www.gf.ukum.edu.mk или од копирницата на Факултетот; линк до страната
► **Уплатена административна такса од 100 ден** (*ТМ Име Презиме 100* на тел.број: **144 166**, внесена во iknow системот, при запишување на семестарот); или уплатница ПП-50 /се поднесува во прилог/.

**УПЛАТА НА ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА I ЦИКЛУС**

Студентите на Градежниот факултет плаќаат партиципација според бројот на запишани кредити во семестарот.
Паричниот износ на еден кредит изнесува 1/30 од цената за семестралната партиципација, односно од цената за кофинансирање.




**државна квота – партиципација: 6.200 ден.**
**1 кредит** = 3,33€ = 205 денари
**студии со кофинансирање: 12.400 ден.**
**1 кредит** =6,66€ = 410 денари

►**Уплатена казна** за презапишување на предмет (по втор и повеќе пати) за студенти во државна квота и во квота со кофинансирање **од 620 ден**. од предмет;

►Студентите кои изработуваат **дипломска работа** не запишуваат семестар ако ја имаат одбрането заклучно со 28 февруари 2017 година, но потребно е да донесат образец за заверка на зимскиот семестар 2017/18 година.

►Студентите кои нема да одбранат дипломска до овој датум, треба да го запишат семестарот само со кредитите од дипломската и обрасци за запишување/заверување на семестар.

**Според член 323 од Статутот на УКИМ, студент од државна квота преминува во квота со кофинансирање во два случаи:**

**- ако запишува предмет по трет пат; и**

**- ако не положил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар, до почетокот на нареден соодветен семестар (зимски/летен).**

**УПЛАТА НА ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА II ЦИКЛУС**

►Потврда за уплатена партиципација **од 30.750 / 24.600**

►За **повторно запишан/заменет предмет на II циклус**, студентот плаќа износ во висина од **100/80 евра,** во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, на денот на плаќањето.

►Студентите кои ги положиле сите испити имаат обврска до магистрирањето да го запишуваат секој семестар со **административна уплата** од 15 евра во денарска противвредност.

►Студентите кои ги положиле испитите според Наставната програма за втор циклус на студии **пред да поднесат пријава за магистерска работа**, од студентската служба задолжително подигнуваат **извод за положени испити** со уплата од **10€** во денарска противвредност според тековниот курс на Народната банка на РМ на жиро сметка на Градежен факултет **1000000000 630 95**, сметка на буџетски корисник **1600104219 788 15**, приходно конто **723019** програма **41.**

УПЛАТИТЕ СЕ ВРШАТ НА ОБРАЗЕЦ ПП-50
НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Буџет на РМ - Градежен факултет - Скопје
БАНКА НА ПРИМАЧОТ: НБРМ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095
СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК: 1600104219 788 15
ПРИХОДНА ШИФРА: 723012 41 за партиципација

**Наставата почнува на 13.2.2017 година според распоредот на часови истакнат на WEB страната на ГФ.**